ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА ГОСТИВАР
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2019 07 01/2

**Скопје, октомври 2019 година**

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 25 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година | |
| Основен буџет на сметката 637 | |
| Биланс на приходи и расходи | 26 |
| Биланс на состојба | 27 |
| Промени на капиталот | 28 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 29 - 31 |
| - Сметководствени политики | 31 - 33 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 34 - 41 |
| Прилози | |
| Прилог 1 | |
| Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | |
| Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | |

Кратенки користени во извештајот:

ISSAI – Ревизорски стандарди на Врховните ревизорски институции
ГДР – Главен државен ревизор
ОДР – Овластен државен ревизор
АПВ - Агенција за привремени вработувања
ТППЕ – Територијална противпожарна единица
МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација
РСМ –Република Северна Македонија
ЈП – Јавно претпријатие
ЗРО – Закон за работни односи
ЗАС – Закон за административни службеници
ЕЛС – Единица на локална самоуправа
ПВР – Пасивни временски разграничувања
ДДВ – Данок на додадена вредност
ЗЈН – Закон за јавните набавки
ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки
МФ – Министерство за финансии

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:    +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-111/10

Дата: 03.10.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Гостивар за 2018 година.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2018 година, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази неповолно мислење.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Општина Гостивар за 2010 година при што ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со законите и прописите .

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година на сметка на основен буџет (637) е спроведена во 2012 година при што е констатирано дека од вкупно дадените десет  препораки од страна на субјектот, три препораки се спроведени, три се делумно спроведени, 3 препораки се во тек на спроведување и една препорака е неприменлива.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Гостивар, сметка на основен буџет (637), за 2018 година, е констатирано следното:

- при оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на преземање на финансиски обврски и плаќање констатиравме дека постои ризик од

исплати на средства врз основа на непотпишани и неодобрени сметководствени документи;
- пописот на средствата и обврските не е целосен и не е квалитетно извршен, а се однесува на земјиште, градежни објекти, материјални средства во подготовка (инвестиции во тек) и обврските, со кои располага Општината;
- доделување на средства на спортски клубови по барање на клубовите без спроведена постапка за финансиска поддршка и јавно објавен конкурс, а спортските клубови немаат доставено финансиски извештај и друга дополнителна документација за трошење на средствата;
- не е изготвен финансиски извештај - Биланс на состојба согласно законските и подзаконските акти, не е извршена идентификација, процена и евидентирање на дел од имотот по делбен биланс, нецелосна евиденција на материјалните средства и материјалните средства во подготовка и не евидентирање на пресметана амортизација и ревалоризација;
- не е воспоставена материјална евиденција за приемот и издавањето на материјалите (ситен инвентар, канцелариски материјали, средства за хигиена, течни горива и други материјали);
- податоците за обврските спрема добавувачите во сметководствената евиденција не се целосни и комплетни;
- за изведените работи за капитални инвестиции и реконструкции не беше доставена комплетна документација и
- При набавките на стоки , работи и услуги не е почитуван во целост Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ја истакна утврдената состојбата со Изградбата на Мостот над реката Вардар во општина Гостивар кој е финансиран преку кредит од една деловна банка.

Во делот Останати прашања, ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива односно различно утврдената висина на додатоците од плата за вработените кои немаат статус на државни службеници и вработените во ТППЕ и тоа во Законот за работни односи, Законот за административни службеници и Општиот колективен договор на јавниот сектор.
Од одговорното лице градоначалникот на Општина Гостивар, на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, доставени се забелешки кои се однесуваат на точките 4.2.1.,4.2.3.,4.2.5.,4.3.2.,4.3.3.,4.3.4.,4.3.5.,4.4.1.и 4.4.5.. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не претставуваат забелешки туку претставуваат известувања за преземените мерки за надминување на состојбите.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 26 до 28 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гостивар сметка на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Општина Гостивар за 2010 година при што ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општина Гостивар застапувано од:

- д-р Арбен Таравари од 02.11.2017 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 4 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели**, заснованост и период на вршење на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува

законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03.2019 до 31.05.2019 кај Општина Гостивар од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт **на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките**

Во 2012 година, извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гостивар, сметка на основен буџет (637) бр. 31-166/11 од 27.09.2011 година, при што е констатирано дека од вкупно дадени десет препораки три препораки се спроведени, три се делумно спроведени, три во тек на спроведување и една препорака е неприменлива.

## 4. **Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на Општината - предмет на ревизија, на ден 15.07.2019 година.
На ден 30.09.2019 година, од страна на одговорното лице градоначалникот на Општина Гостивар доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-111/8 од 27.09.2019 година. Забелешки се однесуваат на точките 4.2.1.,4.2.3.,4.2.5.,4.3.2.,4.3.3.,4.3.4.,4.3.5.,4.4.1.и 4.4.5.. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не претставуваат забелешки туку известување за преземените активности за надминување на состојбите.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1 **Внатрешни контроли**

4.1.1. При оцена на системот на внатрешни контроли во процесот на преземање на финансиски обврски и плаќање, ревизијата констатира дека иако се донесени интерни акти како Интерна процедура-постапка за сметководствено работење и

Правилник за начинот на спроведување внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет, преземање на финансиски обврски и извршување на плаќања во Општина Гостивар не секогаш се почитуваат. Се вршат плаќања по сметководствени документи без да бидат потпишани и одобрени од овластени лица. Ваквата состојба не е во согласност со член 20 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик од незаконско и ненаменско користење на буџетските средства.

**Препорака**:
Градоначалникот да преземе мерки и активности за имплементација и целосно почитување на воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на преземање на финансиски обврски и плаќања.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 Во текот на 2018 година од страна на Општината ангажирани се лица преку Агенција за привремени вработувања и за таа намена исплатени се средства во вкупен износ од 10.619 илјади денари. Бројот на отстапени работници преку АПВ во текот на 2018 година се движи од 42 до 46 лица, од кои 24 лица се ангажирани за вршење на редовни работни задачи во ТППЕ, а остатокот во Општината и тоа за извршување на работи на работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работните места. Исто така, дел од ангажираните лица се континуирано ангажирани за вршење на исти работи во подолг период, што не е во согласност со член 4 од Законот за агенции за привремени вработувања односно член 24 од Законот за приватни агенции за вработување, кој влегува во сила од 28 јуни 2018 година, во кои е предвидено отстапувањето на работник од страна на Агенцијата на друг работодавач , да се врши во случај на замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи и непредвидливи краткотрајни активности.
Општината има добиено согласност од МИОА за Планот за вработување за 2018 година, меѓутоа заради ненавремено усвојување на Буџетот на Општината, а пред се заради намалување на ставките во Буџетот за плата и привремени вработувања, општината не успеала да спроведе постапка за вработување на потребниот кадар во редовен работен однос. Привремените вработувања кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, имаат за ефект намалена транспарентност при вработувањата, субјективност во изборот на лица, и нивна повластена положба во постапката редовно вработување.

**Препорака**
Градоначалникот да преземе мерки и активности и тоа:

– ангажирањето на лица преку приватна агенција за вработување да е во согласност со одредбите за привремени вработувања и во случаи предвидени со закон.
– за работните места согласно Правилникот за организација и систематизација на работи и задачи за чие пополнување е неопходно да се спроведат постапки согласно законските прописи во зависност од барањето за вработување (државен службеник, помошно техничко лице и сл).

4.2.2 Во текот на 2018 година врз основа на склучени договори на дело исплатени се средства во вкупен износ од 2.430 илјади денари, и тоа:

- Врз основа на склучени договори на дело со 27 лица (бројот на ангажирани лица во текот на годината по месеци е различен) исплатени се средства во износ од 2.060 илјади денари за работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на општината, при што надоместокот за работниот ангажман е различен и се движи од 15-25 илјади денари. Ангажирањето на лица по договор на дело не е во согласност со општите одредби за договор за дело односно член 619 од Законот за облигациони односи, во кој е предвидено дека може да се ангажира лице по договор на дело само за вршење на определена работа еднократно и член 30 од Законот за административни службеници во кој е пропишан начинот на пополнување на работните места на административните службеници. Утврдените состојби, укажуваат на нетранспарентност и субјективно постапување при вработување, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапка за нивното ангажирање;
- Врз основа на склучени договори со 13 лица за распределба на решенијата за данок на имот, комунална такса и опомени за 2018 година исплатени се средства во износ од 370 илјади денари. Договорите се склучени на различен поединечен износ од 12-35 илјади денари, без да се прецизира бројот на решенија за достава по доставувач и цена по единица на доставено решение, што ќе претставува критериум за утврдување на надоместокот што им се исплатува на ангажираните доставувачи.

  Доставувачите согласно договорот се обврзани да изготвуваат неделен извештај за извршената услуга со уредно потпишани доставници и конечен извештај за секоја улица или населено место. Исто така, со договорот е предвидено дел од надоместот за извршената работа да се исплати по достава на сите решенија, а остатокот (околу 1/3 од сумата) по достава на опомените за 2018 година.

  Со увид во документацијата утврдивме дека од страна на доставувачите не се постапува на начин предвиден во договорот во однос на изготвување на неделни/конечни извештаи, што не е во согласност со член 5 од склучените договори. Исто така во текот на 2018 година ревизијата утврди дека на доставувачите им е исплатен целиот износ утврден со договорот, иако во

текот на 2018 година не се изготвувале/доставувале опомени. Наведената состојба има за ефект повеќе исплатени средства од страна на општината.

**Препорака**
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди ангажманот на лицата по договор на дело да биде согласно законски пропишаната рамка, а исплатата на средствата согласно склучените договори.

4.2.3 Во текот на 2018 година извршена е исплата на средства за награди на вработените во вкупен износ од 1.849 илјади денари (од кои 346 илјади денари се исплатени од сметката тековни резерви), врз основа на две Решенија на градоначалникот, за успешна работа на вработените за прво и второ полугодие во 2018 година, а се однесува на сите вработени во општинската администрација, ангажираните лица преку АПВ и по договор на дело и изнесува 10 илјади денари поединечно.
Исплатата на награди не е предвидена во Законот за административни службеници, не е предвидена во Одлуката за извршување на буџетот на општината за 2018 година, ниту во Општиот Колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија и има за ефект ненаменско трошење на средства на општината.
Средствата од тековните резерви се исплатени без претходно да биде донесена Одлука од Советот на ЕЛС Гостивар. Согласно член 11 од Закон за буџетите средствата од тековната резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни. Оваа состојба не е во согласност со член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа според кој за користење на средствата на резервите одлучува Советот на општината, освен за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50 илјади денари, кога одлучува градоначалникот и има за ефект нетранспарентно трошење на средствата од тековната резерва.

**Препорака**
Во наредниот период исплатата на средства за работна успешност да се врши на начин пропишан во законската регулатива.

4.2.4 Со Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на локални патишта на подрачјето на Општина Гостивар за 2018 година, општината има предвидено средства во износ до 3.000 илјади денари за хортикултурно уредување. Во текот на 2018 година склучен е Договор за хортикултурно уредување во вредност од 5.900 илјади денари кој е целосно реализиран без да биде направена измена на Програмата за уредување на градежно земјиште. Поради горенаведеното ревизијата констатира дека Општината презела обврски над обезбедените средства со соодветната Програма. Ваквата состојба не е во согласност со член 7 од Законот за буџетите и доведува до ненаменско и незаконско користење на буџетските средства.

**Препорака**
Надлежните служби во општината согласно потребите и расположливите средства во буџетот на општината да прават измени на Програмите со цел наменско користење на средствата.

4.2.5 Општина Гостивар за вршење на комуналните дејности во своја надлежност има основано јавно претпријатие за одржување на јавното зеленило, чии годишни програми и извештаи за работењето ги усвојува Советот. Од извршениот увид во сметководствената документација, ревизијата констатира дека во 2018 година евидентирани се трошоци во износ 8.851 илјади денари по основ на фактури за одржување на јавните паркови и зелени површини, кон кои се приложени работни налози и месечни извештаи за извршена работа. Советот на Општина Гостивар, во 2018 година, нема усвоено Годишна програма за работа на јавното претпријатие, ниту пак е донесена и усвоена Програма за одржување на јавното зеленило за Општина Гостивар. Оваа состојба не е во согласност со член 7 од Законот за буџети и член 36 од Законот за локална самоуправа и создава ризик од несоодветно користење на буџетските средства.
На 27.02.2019 година Советот на Општина Гостивар ја има усвоено Годишната програма за работа на јавното претпријатие за 2019 година.

**Препорака**
Надлежните органи на Општина Гостивар за реализирање на годишните активности согласно надлежностите да донесуваат и усвојуваат годишни програми со предвидени финансиски средства за нивна реализација.

4.2.6 Во текот на 2018 година врз основа на донесена Програма за активностите на Општина Гостивар во областа на спортот, потрошени се средства од ставките за трансфери до спортски клубови за реализација на активности од областа на спортот и рекреацијата, во вкупен износ од 6.384 илјади денари. Со извршениот увид во документацијата ревизијата ги констатира следните состојби:

- Со Програмата за активностите во областа на спортот во 2018 година предвидени се средства во износ од 6.200 илјади денари. Во програмата е уредено и по колку средства на секоја категорија на корисници ќе им бидат доделени. Минималниот потрошок за спорт изнесува 10 илјади денари, додека максималниот е 60 илјади денари за физички лица, а за спортски клубови од 15 до 150 илјади денари при поединечна исплата. Исто така е пропишано дека во исклучителни случаеви Советот на општината има право да донесе одлука за исплата на поголема сума на парични средства од предвидените.

- доделувањето на средствата до спортските клубови се врши по барање на клубовите без спроведена постапка за доделување на средства за финансиска поддршка и јавно објавен конкурс;
- најголем дел од средствата од сметката трансфери до спортски клубови во износ од 5.600 илјади денари се исплатени кон Фудбалски клуб „Гостивар" односно на Кошаркарскиот клуб Гостивар кои се АД во приватна сопственост. Средствата се исплатени врз основ на Одлуки на Советот за одобрување на финансиски средства за материјално финансиско работење финансиска поддршка во вкупен износ од 3.250 илјади денари односно повеќе исплатени од одобрените за износ од 2.350 илјади денари. На ревизијата не и беше доставен на увид акт со образложение зошто Советот има донесена одлука за исплата на средства во поголем износ од предвидените во Програмата. Исто така не ни беше даден на увид извештај за реализација на одобрените средства за 2018 година од страна на фудбалскиот клуб;

  Врз основа на наведеното ревизијата не можеше да се увери во наменското трошење на одобрените средства на спортски клубови чиј правен статус е спортско здружение или АД во приватна сопственост во вид на финансиска поддршка што не е во согласност со член 22-а од Закон за спортот, член 49 став 5 од Законот за здруженија и фондации и член 7, 8 и 26 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

4.2.7. Во текот на 2018 година направени се расходи во вкупен износ од 1.382 илјади денари кои се однесуваат на финансирање на проекти од областа на културата кои не се предвидени во Програмата за активности од областа на културата и нивно финансирање за 2018 година. Од извршениот увид во Програмата и другата документација ревизијата го утврди следното:

- Финансиските средства предвидени за реализација на програмата се во износ од 1.000 илјади денари, додека реализацијата на програмата К4 е во износ од 1.652 илјади денари.
- Програмата не содржи податоци за тоа колку средства се планирани за секој настан или манифестација. Во програмата предвидени се 19 манифестации и активности од областа на културата.
- Не е објавен јавен повик или објава на веб страната на општината за доделување на финансиски средства.
- Општината на својата веб страна не ги објавила субјектите кои добиле средства од буџетот на општината за 2018 година, како и целите за кои ги добиле средствата.
- Субјектите кои ги добиле средства од општината немаат доставено деловен и финансиски извештај за користените средства.

Ваквата состојба не е во согласност со член 49 од Закон за здруженија и фондации и создава можност за несоодветно користење на средствата.

**Препорака:**
Надлежните органи во Општината да преземат мерки и активности за:

- исплатата на средствата да се врши согласно одредбите предвидени во Програмата;
- доделувањето на средствата да се врши врз основа на спроведена постапка за доделување на средства за финансиска поддршка, јавно објавен конкурс и склучени договори со корисниците на средствата, и
- стручните служби во Општината, до субјектите корисници на средствата да обезбедат деловен и финансиски извештај за реализација на добиените средства.

## 4.3 Финансиски извештаи

4.3.1 Пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31 декември 2018 година не е извршен на начин предвиден во член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- не е извршен попис на парични средства;
- не е извршен попис на краткорочните финансиски обврски, со цел да се утврди правниот основ за постоење на обврските, како и дали преземените обврски се уредно, хронолошки и целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција;
- не е извршен попис на градбите (улици, водовод и канализација, тротоари, спортски игралишта и други градби) и
- пописната комисија нема извршено попис на инвестициите во тек, заради утврдување на степенот на довршеност на инвестицијата за секој одделен објект, и негово усогласување со времените ситуации и периодот на започнување и завршување на инвестицијата.

Поради нецелосен и неправилно извршен попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година.

**Препорака:**
Одговорните лица во општината да преземат активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби.

4.3.2 Не е извршена идентификација, проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата во 1999 и 2000 (Сл. весник на РМ бр.19/1999), што не е во согласност со одредбите од членот 64 од Законот за локална самоуправа. Ова се должи на фактот што сеуште не е направено излагање на добиениот имот. Општината ја нема потврдено сопственоста на деловниот простор

во кој е сместена. И покрај дадената препорака во извештајот за извршената ревизија за 2010 година, надлежните органи немаат преземено активности за спроведување на препораката за надминување на утврдената состојба.
До моментот на вршење на ревизија не е започната постапка за потврда на сопственоста на имотот на општината пред Агенција за катастар на недвижности.

Согласно наведеното, искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2018 година, не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори и постои ризик од узурпација на општинскиот имот и губење на сопственоста.

**Препорака**
Градоначалникот да преземе активности околу идентификување на добиените објекти, добивање на имотни листови и вреднување и евидентирање на добиениот имот.

4.3.3 Постојаните средства (материјални добра, материјални средства, инвестиции во тек) во Билансот на состојба кои се проценети во износ од 599.322 илјади денари се нереално и необјективно прикажани поради следното:

- Општина Гостивар нема воспоставена соодветна сметководствена (финансиска) евиденција на основните средства. Со увидот во финансиските извештаи утврдивме дека не е извршена правилна распределба на кореспондентните билансни позиции во финансиските извештаи, ниту пак бруто билансите се усогласени со финансиските извештаи.
  Во 2018 година почнува да се користи нова апликација за финансиско сметководство, но податоците од старата апликација не се пренесени во новата, односно не се пренесени почетните состојби.
  Со извршениот увидот во начинот на евидентирање на средствата се констатира дека општината има посебна база во која се води материјална евиденција на средствата која што содржи податоци за сите материјални средства, но во неа не е извршена правилна распределба на билансните позиции, односно не може да се добие точна информација за износот на градежни објекти, опрема и др. Финансиските извештаи се изготвени врз основа на податоците од материјалната евиденција.
- Градежни објекти во вкупен износ од 3.853 илјади денари кои се однесуваат за проширување на мрежа на улично осветлување во с. Срмново, кеј Вардар од новиот мост, ЈНА, долна Бањица од центар, не се евидентирани на материјални средства во подготовка, ниту се евидентирани на материјални средства по нивното ставање во употреба.
- Не е евидентирана опрема во износ од 405 илјади денари на материјални средства.
- Не е евидентирана пресметаната амортизација и ревалоризација за 2018 година, ниту се пренесени состојбите од претходна година како почетни

состојби.

- Начинот на евидентирање на пренесените состојби на материјални средства во подготовка не е конзистентен односно дел се евидентирани на извори на капитални средства, а дел на временски разграничувања.

Ваквиот начин на водење на сметководствената евиденција не е во согласност со членовите 4, 6 и 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници поради што не можеме целосно да се увериме во точноста и објективноста на искажаните позиции постојаните средства во Билансот на состојба на 31.12.2018 година.

**Препорака**
Стручните служби во Општината да преземат мерки и активности за реално утврдување и точно евидентирање на сите материјални средства.

4.3.4 Со извршената ревизија на залихите на материјали (канцелариски материјали, материјали за АОП, средства за хигиена, ситен инвентар, материјали за улично осветлување, екстра лесно масло за домаќинство и др.) во износ од 5.559 илјади денари, се констатира дека во општината не е воспоставена материјална евиденција за приемот и издавањето на материјалите, односно набавените материјали не се евидентираат преку сметките на залиха на материјали и останат капитал. Не е извршен попис на залихите на материјали со состојба на 31.12.2018 година со што не е потврдена и усогласена сметководствената со фактичката состојба на залихите со кои располага општината. Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 6, 7, 19 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно искажување на позициите на залихите на материјали и останат капитал во Билансот на состојбата.

**Препорака**
Одговорниот сметководител да преземе активности за воведување на целосна и точна сметководствена и материјална евиденција на извршениот прием и издавање на материјали.

4.3.5 На позицијата Обврски спрема добавувачите, со состојба 31.12.2018 година е искажано салдо од 124.396 илјади денари. По извршената анализа и детални тестирања се констатира следното:

- Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирените обврски во вкупен износ од 124.396 илјади денари беа испратени 20 конфирмации кон

добавувачите во вкупен износ од 117,551 илјади денари, кои опфаќаат 94,50% од вкупните обврски на Општина Гостивар. До денот на завршување на ревизијата добиени се одговори од 9 комитенти од кои 6 ја потврдуваат состојбата, а 3 не се усогласени за износ од 96 илјади денари.

- Ревизијата изврши увид во правниот основ на искажаните обврски со увид во поткрепувачката документација (договори, фактури, градежни ситуации и друга документација) при што е утврдено дека обврските од еден економски оператор во деловните книги не се евидентираат навремено, а се однесуваат на изведени градежни работи во 2015, 2016 и 2017 година. Од страна на изведувачот во месец ноември 2018 година доставени се времени ситуации на вкупен износ од 27.698 илјади денари кога истите и се евидентирани. Во месец јануари 2019 година доставени се и две ситуации на вкупен износ од 19.013 илјади денари кои се однесуваат за извршени градежни работи во 2015 и 2016 година. За потврдување на обврските испратена е конфирмација до истиот економски оператор кој на истата одговори дека долгот на општината кон нив е во износ од 46.147 илјади денари.

- Општина Гостивар е задолжена по основ на кредитирање по два договори и тоа: договор за кредит склучен помеѓу МФ на РМ и Општина Гостивар во износ од 51.669 илјади денари наменет за инвестиции во согласност со Поректот за подобрување на општинските услуги и тоа за Подпроект 1 Посветла иднина и Подпроект 2 - Набавка на основни средства за одржување на јавна хигиена и договор за кредит склучен во 2016 година помеѓу една деловна банка и Општина Гостивар на износ од 23.600 илјади денари наменет за инвестирање на инфраструктурни објекти односно Изградба на Мост над Реката Вардар. Неисплатениот дел на кредити изнесува 41.309 илјади денари. Во деловните книги на општината не се води евиденција на обврските за долгорочно задолжување по основ на кредитите.

  Ваквиот начин на евидентирање/неевидентирање на обврските не е во согласност со член 7 став 2 и член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажување на обврските спрема добавувачите, материјалните средства, активните и пасивните временски разграничувања во Билансот на состојба.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештај обврските по долгорочни кредити се воведени во сметководствената евиденција на Општината.

**Препорака:**

Одговорните лица во општината да преземат мерки и активности, кои се однесуваат на:

- редовно и навремено евидентирањето на обврските спрема добавувачите во деловните книги во периодот на нивното настанување и

- редовно усогласување на состојбите на обврските спрема добавувачите по пат на конфирмирање и анализа на старосната структура на обврските.

4.3.6 На позицијата Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции, евидентирани се побарувања во износ од 1.228 илјади денари врз основа на авансна ситуација за снабдување со материјали од 2012 година. На ревизијата не и беше доставена дополнителна документација и објаснување за евидентираните побарувања, поради што ревизијата не може да обезбеди уверување за вистинитоста на истите. Во 2018 година не е извршен попис на побарувањата за утврдување на старосната структура и правниот основ на евидентираните побарувања. Оваа состојба не во согласност со член со член 7 став 2 и член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за последица нереално искажување побарувањата во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Одговорните лица во општината да преземат мерки и активности за утврдување на правниот основ, старосната структура и наплатливоста на побарувањата, а промените во деловните книги да се евидентираат врз основа на уредни и веродостојни сметководствени документи.

## 4.4 Користење на средствата согласно законски прописи

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Општина Гостивар за 2018 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 22 постапки за јавни набавки, од кои 13 постапки за јавни набавки спроведени во 2018 година, 7 постапки за јавни набавки спроведени во 2017 година и 2 постапки за јавни набавки кои се спроведени во 2016 година, а имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вкупната вредност на ревидираните договори е во износ од 207.066 илјади денари. (48.185 илјади денари во 2018 година, 38.239 илјади денари 2017 година и 81.386 илјади денари во 2016 година).

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

4.4.1 Со увидот во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки во периодот за кој се врши ревизија утврдени се следните состојби :

- кај постапките за јавни набавки за поправка и сервисирање на моторни возила во вредност од 1.181 илјади денари со ДДВ и набавка на

хортикултурно уредување и одржување на паркови и зеленило во вредност од 5.900 илјади денари со ДДВ не се прецизно дефинирани потребните количини за предметот на набавката, поради што и договорите се склучуваат во висина на планираните средства согласно Решенијата за јавни набавки, а не согласно понудите на економските оператори. Ваквата состојба не е во согласност со член 32 и член 165 од ЗЈН во кој е наведено дека со тендерската документација треба јасно да се дефинираат стоките, услугите или работите што треба да се набават, потребните количини, минималните критериуми што треба да ги задоволат економските оператори, правата и обврските на економскиот оператор и договорниот орган, како и сите услови што треба да ги задоволат понудите, за истите да се сметаат прифатливи. Со оглед на тоа што при евалуацијата и е - аукцијата се користи единечната цена, а количините не се прецизно дефинирани, општината ги склучува договорите во висина на планираните средства со Решението со што создава можност за набавка на поголеми количини од потребните;

- договорите за доделување на јавни набавки на канцелариски материјали, поправка и сервисирање на моторни возила, хортикултурно уредување и одржување, зимско одржување на улици и набавка на екстра лесно масло за домаќинство се склучуваат во вредност која со пресметан ДДВ е повисока од обезбедените средства предвидени со Решението за јавни набавки, што не е во согласност со член 28 од ЗЈН според кој со одлуката се утврдува износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот;
- во огласите за јавни набавки се објавува вкупната проценета вредност предвидена со Решението за спроведување на јавна набавка, што не е во согласност со член 53 став 2 од ЗЈН според кој во огласот за доделување на договор за јавна набавка задолжително се објавува и проценетата вредност без вклучен ДДВ;
- за следење на реализација на договорите за јавни набавки во делот на исплатите, овластено е лице вработено на работно место советник за стратешко планирање и аналитика, меѓутоа интерната евиденција која што ја води по договорите е нецелосна, односно нема податоци за степенот на реализација по договори.

**Препорака:**

Надлежните служби за спроведување на постапки за доделување на договори за јавни набавки, прецизно да ги утврдуваат количините во тендерската документација, да ја објавуваат проценетата вредност без ДДВ, договорите да се склучуваат во рамките на обезбедените средства со Решенијата за јавни набавки и да ги содржат сите податоци кои се предвидени со тендерската документација.

4.4.2 Во 2018 година Општина Гостивар има спроведено постапка за јавна набавка број 08/2018 Рамковна спогодба за изградба и реконструкција на локални патишта, улици, тротоари, патеки и спортски терени и надградба на постоечки мрежни линии и проширување на мрежата со нови линии. Проценетата вредност без ДДВ е во износ од 40.000 илјади денари. Со ревизијата се констатира дека со тендерската документација како и во огласот е објавено дека рамковната спогодба ќе се склучи со еден економски оператор. Техничката спецификација / предмер пресметката што е содржана во тендерската документација е по поединечни цени без утврдени максимални количини. Оваа состојба не е во согласност со член 117 став 2 од ЗЈН во кој е предвидено дека во случај договорниот орган да склучува рамковна спогодба со еден економски оператор тогаш во рамковната спогодба треба да се предвидат и максималните количини.

4.4.3 Во 2018 година спроведена е Отворена постапка број 03/2018 година за доделување на договор за јавна набавка за вршење на стручен надзор над изградбата, реконструкцијата и одржувањето на објекти кои се градат од страна на општината. Од извршениот увид во документацијата ревизијата ги констатира следните состојби:

- предметот на набавката објавен во Огласот – вршење на стручен надзор за реализација на линиски инфраструктурни работи, не одговара на предметот од Тендерската документација - вршење на стручен надзор над изградбата, реконструкцијата и одржувањето на објекти инвестирани од Општина Гостивар;
- склучени се два Договори со ист број 24-709/8 од 28.06.2018 година со различна вредност, еден согласно постигнатата цена со електронската аукција – 579 илјади без ДДВ кој е и објавен на ЕСЈН, а другиот согласно првичната понуда во износ од 2.300 илјади денари без ДДВ во хартиеното досие;
- Договор на износ од 2.300 илјади денари без ДДВ, односно 2.714 илјади со ДДВ, ги надминува вкупно обезбедените средства согласно Решението за јавна набавка на износ од 2.300 илјади денари што не е во согласност со член 28 од ЗЈН;
- Вредноста на обезбедената банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот е во износ од 58 илјади денари, што изнесува 10% од постигнатата цена со електронската аукција.

4.4.4 Во текот на 2018 година без постапка за јавни набавки извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 1.434 илјади денари за набавка на угостителски услуги, градежни материјали, авионски карти, поштенски услуги и хотелско сместување и сервисирање на моторни возила во сопственост на ТППЕ што укажува

на несоодветна проценка на годишните потреби за набавки во тековната година, како и непочитување на член 2 и 5 од ЗЈН (Прилог 1).

Утврдените слабости во примената на ЗЈН не обезбедуваат транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака**

При изготвување на Планот за јавни набавки, надлежните во општината да ги утврдат реалните потреби за набавка на стоки, работи и услуги, а постапките да се вршат во согласност со пишаните правила и норми во законската регулатива во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и јавност при набавките.

4.4.5 За изведените работи кои се однесуваат на капиталните инвестиции и санации во периодот од 2015-2018 година во вкупен износ од 21.151 илјади денари, на ревизијата не и беше доставена комплетна документација како поткрепа за извршената работа (градежна книга, градежен дневник, завршен извештај од надзор) и тоа:

- За санација на санитарен чвор во ОУД Бранко Станоевиќ склучен е договор на 01.03.2018 во износ од 472 илјади денари од кои реализирани се 400 илјади денари, а со извршениот увид во документацијата се констатира дека кон времените ситуации нема прилог градежна книга и градежен дневник.
- За набавка и монтажа на потопна пумпа во бунар за снабдување со вода за пиење во село Форино склучен е договор на 30.07.2018 во износ од 868 илјади денари без ДДВ. Поради потребата за изведување на непредвидени, дополнителни работи, вишоци и кусоци склучен е анекс договор[1] , во кој е наведено дека непредвидените вишоци и кусоци ќе се потврдат со градежна книга и градежен дневник потпишани од надзорниот орган. Со ревизијата се констатира дека времената ситуација не е заверена од страна на надзорниот орган и кон истата нема приложено поткрепувачка документација (градежен дневник и градежна книга).
- За асфалтирање на улица во с. Дебреше покрај Џамијата и дел од локален пат и асфалтирање на улица во с. Лакавица од влезот на селото до мостот на реката склучен е договор во износ од 1.636 илјади денари. Со ревизијата се констатира дека не е надмината вредноста по договорот, но некои количини се надминати од основниот договор, а некои се помалку изведени. Во

[1] Анекс договор бр. 24-1463/11 од 23.11.2018

ситуацијата има аритметичка грешка поради што е извршено плаќање во поголем износ за 96 илјади денари.

- Во 2015 година склучен е Договор[2] во износ од 18.364 илјади денари без ДДВ и Анекс на договор во износ од 3.739 илјади денари без ДДВ. Предмет на договорот е Реконструкција на кружен тек до ресторан Бриони во износ од 2.022 илјади денари и Новопроектиран пат – ул. 101 (со должина од 475 м во износ од 16.342 илјади денари). Од страна на изведувачот на 18.01.2019 година доставени се две завршни ситуации по договорот и по анекс договорот кои се однесуваат за извршени работи во 2017 година и истите не се потпишани од страна на инвеститорот.
- За изработка и инсталација на парно греење во спортските сали во СОУ Гостивар и ОУ Лирија склучен е договор на износ од 1.908 илјади денари без ДДВ. Доставена е 1-ва времена ситуација на износ од 936 илјади денари и завршна ситуација на износ од 969 илјади денари. Со ревизијата се констатира дека ситуациите не се потпишани од надзорен орган, има прилог градежна книга која исто така не е потпишана од надзорен орган и не ни беше даден на увид градежен дневник.

Со увид во склучените договори за капитални инвестиции се констатирани следните слабости:

- Во договорите е регулирано дека нарачателот се обврзува да формира комисија за технички прием на работите по писмено барање на изведувачот. Ревизијата констатира дека не секогаш се постапува по одредбите од договорот.
- Склучените договори не предвидуваат рок на изведба, односно регулирано е дека договорените работи изведувачот се обврзува да ги изведе во примерен рок сметано од денот на воведување во работа констатирани во градежен дневник.

Неправилното и неажурно внесување на записите во градежниот дневник и градежна книга, не обезбедување на потребните документи за извршените градежни работи дефинирани со Законот за градење не даваат уверување за постапување и извршување на градбите согласно Законот и создаваат ризик од одредени недостатоци кои би ги нарушиле основните барања на градбата.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештај Општина Гостивар се има обратено до економскиот оператор на кој се исплатени повеќе средства и за истото има добиено книжно одобрување.

**Препорака**

[2] Договор бр. 22-807/20 од 09.06.2015

Одговорните лица во општината да преземат мерки и активности во насока на обезбедување на комплетна документација за извршените градежни работи, што треба да се составен дел на секој проект, а врз основа на кои ќе се признаваат и евидентираат расходите.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.2. до 4.4. кои се однесуваат на:

- несоодветна исплата на плати и надоместоци;
- нерегуларности во однос на ангажирањето на лица по договор на дело и преку Агенција за привремени вработувања;
- нецелосно извршен попис на материјалните средства, побарувањата и обврските;
- неусогласеност помеѓу сметководствена и материјалната евиденција на основните средства;
- несоодветно проценување на билансните позиции;
- не евидентирање во сметководствената евиденција на залихите на материјали и маслото за греење;
- слабости во постапките за јавни набавки како и набавки без почитување на Законот за јавни набавки;
- не почитување на Законот за градење при изградба на објекти од комуналната инфраструктура и
- непочитување на законските одредби при доделување на трансфери од областа на културата и спортот.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 4.3. ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гостивар на ден 31 декември 2018 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гостивар не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Ревизијата сметаше за потребно да ги обелодени проблемот со изграба на Мост над реката Вардар во Општина Гостивар за кој врз основа на презентираната документација се констатирани следните состојби:

**Задолжување во една деловна банка**

